**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Врз основа на дел II, област Б, Имплементација на индустриската политика, мерка 1, точка 1.1 од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година, (Службен весник на Република Македонија бр. 192/2016), Министерството за економија објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за поддршка за зголемување на конкурентноста на македонската индустрија – развој на деловниот субјект, развој на производ и развој на пазар

1. Предмет на Јавниот повик е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за развој на деловен субјект, за развој на производ и развој на пазар за кои се предвидени вкупно 900.000,00 денари за следните активности:

1.1.1 Изработка на нови организациони модели врз основа на ИКТ;
1.1.2 Изработка на техничка документација за нов производ односно за подобрување на постојниот производ;
1.1.3 Изработка на идејно решение и/или печатење на: нова амбалажа, етикетирање, лого на производ и промотивни печатени материјали;
1.1.4 Изработка на студии за истражување на пазарот и/или маркетинг стратегија и/или активности за развој на бренд;
1.1.5 Изработка на проекти за енергетска ефикасност и/или воведување на стандард за енергетски менаџмент ISO 50001 и
1.1.6 Изработка на проекти за зголемување на продуктивноста, ефикасноста и ефективноста.

Министерството за економија надоместува дел од трошоците во висина од 75% од докажаните трошоци на барателот, но не повеќе од 180.000,00 денари поединечно за секој барател. Износот на делот на трошоците на барателот кои ги надоместува Министерството за економија ќе се зголеми за процентот на учеството на државната помош за регионален развој на соодветниот регион на кој припаѓа барателот, согласно член 3 од Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот 2013-2017 („Службен весник на РМ“ бр 88/2013):

2. Право на учество на јавниот повик имаат деловните субјекти за вршење на производствени дејности во рамки на секторот Преработувачка индустрија, согласно Национална класификација на дејности рев 2 (Службен весник на Република Македонија бр.147/2008 и 4/2013), со претежна дејност/главна приходна шифра во секторот Преработувачка индустрија, без оглед на големината на деловниот субјект.

Еден барател може да поднесе само една пријава и барање (и тоа само за една активност).

Барањето за аплицирање, образецот за изјава за доделена државна помош и упатството за подготвување на извештај за реализираниот проект со индикатори за успешност се достапни на ВЕБ страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk и www.konkurentnost.mk или може да се подигнат од архивата на Министерството за економија. (обрасци 1 и 1.1 ПКИП 2016 Б. ИП и Упатство).

3. Потребни документи за аплицирање:

- Образец 1 ПКИП 2017 Б. ИП „Барање за аплицирање за надоместување на дел од трошоците за развој на деловниот субјект, развој на производ и развој на пазар)
- тековна состојба на деловниот субјект издадена од Централен Регистар на Република Македонија, не постара од 3 месеци;
- информација за економско финасиската состојба на деловниот субјект издадена од Централен регистар на Република Македонија, не постара од 3 месеци, од кој се гледа дека деловниот субјект има позитивно толкување во делот на показатели за оценка за друштвото;
- Уверение за платени даноци и придонеси од Управата за јавни приходи на Република Македонија, не постаро од 3 (три) месеци;
- договор помеѓу деловниот субјект и изготвувачот, склучен во текот на 2017 година;
- фактура од изготвувачот пуштена во промет во текот на 2017 година;
- извод од банката депонент во кој се гледа дека деловниот субјект целосно ја подмирил обврската кон изготвувачот, согласно Договорот;
- извештај за реализираниот проект со индикатори за успешност (подготвено согласно упатството);
- изјава за доделена државна помош (Образец (образец 1.1 ПКИП 2017 Б. ИП)

- уплатници за административни такси на износ 50,00 и 250,00 денари.

4. Поднесување на документи

Барањето за аплицирање, изјавата за доделена државна помош и извештајот за реализираниот проект треба да бидат потпишани од надлежното лице на деловниот субјект и оверени со печат.

Останатата Документацијата се доставува во оригинал или копии. Доколку документацијата е доставена во копија, веродостојноста на секоја страница ја потврдува со своерачен потпис надлежното лице на деловниот субјект и ја оверува со печат. Документацијата на странски јазик се доставува во копија и превод заверен од овластен судски преведувач.

Апликантите треба да достават комплетно барање со сите потребни документи. Доколку поднесеното барање е некомплетно, Комисијата согласно член 39 став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" 124/2015) ќе се обрати до апликантот и ќе бара во рок од 15 дена дополнување на Барањето за субвенционирање.

5. Поднесените барања ги разгледува Комисија формирана од Министерот за економија. Одобрените барања ќе бидат исплатени на барателите во зависност од расположивите средства од Буџетот, по редоследот на нивното пријавување во архивата на Министерствтото за економија (по принципот прв дојден- прв услужен), се до исцрпување на расположивите средства од Буџетот за 2017 година.

Министерството за економија го задржува правото да побара да се достави целосниот изготвен проект, да изврши мониториг на проектот, да ја посети вашата компанија и лично да се увери во наводите од извештајот.

6. Краен рок за доставување на барањата: 30 септември 2017 година.

**Барањата треба да се достават во Архивата на Министерството за економија, ул „Јуриј Гагарин" бр. 15, Скопје.**